Република Северна Македонија
ОПШТИНСКО ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ
ЃОРЃИЈА ПУЛЕВСКИ
Бр. 05-433/20
26. 08 2020 год.
Општина Аеродром-Скопје

Друштво за градежништво и молеро-фарбарски услуги
ДЕКОР-96 увоз-извоз ДООЕЛ
Бр. 03-012/26
26.08 2020 год.
ЧАШКА

# Д О Г О В О Р
## ЗА ЈАВНА НАБАВКА-УСЛУГА: ТЕКОВНО ОДРЖУВАЊЕ НА ОБЈЕКТ (градежни, водоводни, столарски, браварски, електроинсталациски и други услуги)

**Склучен на ден__________________година помеѓу следните:**

## I.ДОГОВОРНИ СТРАНИ

1. **ООУ „ЃОРЃИЈА ПУЛЕВСКИ„ општина Аеродром – Скопје, бул. Јане Сандански бр.27-а**, претставувана од **Директорот Марјан Јовановски** ( во понатамошниот текст: Договорен орган) од една страна,
2. **Друштво за градежништво и молеро-фарбарски услуги ДЕКОР-96 извоз – увоз ДООЕЛ Чашка** со седиште на адреса: **8 Септември бр.3 Чашка** застапувано од **Миле Кимовски** (во понатамошниот текст: Носител на набавката - Економски оператор) од друга страна.

## II.ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ

Член 1

Предмет на овој Договор е: **Тековно одржување на објект** (градежни, водоводни, столарски, браварски, електроинсталациски и други услуги), по Спецификацијата бр. 1 – **Тековно одржување на објект** (градежни, водоводни, столарски, браварски, електроинсталациски и други услуги), составен дел на договорот.

## III.РОК НА ДОГОВОРОТ

Член 2

Носителот на набавката е должен по склучување на договорот, и добивање на писмен налог за воведување во работата доставен по електронски пат или препорачано по пошта од страна на договорниот орган да отпочне со работата. Носителот на набавката е должен предметот на набавка да го изврши во рок од 10-15 дена по добивање на писмениот налог за воведување во работата. По завршување на работата потребно е да се изготви записник за завршна ситуација потпишана од двете договорни страни.

Рокот на изведување е задолжителен. Секоја понуда која содржи рок на изведување поинаков од утврдениот од оваа точка ќе се смета за неприфатлива и како таква ќе биде одбиена од страна на комисијата за јавни набавки.

## IV.ВРЕДНОСТ НА ДОГОВОРОТ

Член 3

Единечните цени за тековното одржување на објектите се утврдени во понудата, односно спецификацијата на Економскиот оператор и истите се утврдени како фиксни, односно непроменливи за целиот период на важноста на договорот.

Единечните цени се цени со вклучени транспортни трошоци и работна рака.

За услугите кои не се предвидени во техничката спецификација, извршителот е должен да достави Понуда и фактура односно про-фактура за вредноста на тие услуги и да пристапи кон интервенција само по добиена согласност од Договорниот орган.

Вкупната вредност на овој договор зависи од извршените услуги за тековно одржување на објекти, односно за времето на важноста на овој договор, а најмногу до проценетата вредност утврдена по електронската аукција која изнесува 331.903,90денари без ДДВ.

**V.РАЗЛИКА ВО ЦЕНА**

Член 4

Корекција на цените на предметот на договорот за јавна набавка не се дозволени и истите ќе останат непроменети за целото времетраење на Договорот.

**VI.ИЗГОТВУВАЊЕ И ДОСТАВУВАЊЕ НА ФАКТУРИ**

Член 5

При изготвување на фактурата, Економскиот оператор е должен да ги наведе следните елементи:

- назив, место, седиште, даночен број и жиро сметка;
- број и датум на Договорот;
- единечна цена по ставки;
- вкупна вредност на фактурата;
- пресметка за ДДВ;
- рок на плаќање.

**VII.НАЧИН, УСЛОВИ И РОКОВИ НА ПЛАЌАЊЕ**

Член 6

Договорниот орган се обврзува плаќањето на Економскиот оператор да го изврши вирмански.

Договорниот орган се обврзува плаќањето на Економскиот оператор да го изврши најдоцна во рок од 30 дена по извршената услуга и приемот на фактурата во архивата на Договорниот орган со прилог – уредно пополнет и потпишан работен налог од надлежно лице на Економскиот оператор - носител на набавката и надлежно лице на Договорниот орган за извршената услуга.

**VIII.НАЧИН И РОК НА ВРШЕЊЕ НА УСЛУГАТА**

Член 7

Економскиот оператор е должен да пристапи кон извршување на услугата, после даден писмен налог за извршување на услуга од страна на Договорниот орган.

Во случај на неиспорака, несоодветно и неквалитетно извршување на договорот, Договорниот орган има право по претходно доставено писмено известување до Економскиот оператор да го раскине Договорот со проста изјава за раскинување на договор. Во тој случај Договорниот орган, го задржува правото да склучи договор со второрангираниот понудувач.

Член 8

Економскиот оператор е должен да ја изврши услугата во објектите на Договорниот орган.

Услугата се смета за завршена по потпишување и заверување на работниот налог од овластено лице на Договорниот орган и овластено лице на Економскиот оператор .

## IX.КВАЛИТАТИВЕН И КВАНТИТАТИВЕН ПРИЕМ

Член 10

Квалитативен и квантитативен прием на предметот на набавката, врз основа на писмениот налог за извршување на услуга и работниот налог уредно пополнет и потпишан од овластено лице на Економскиот оператор - носител на набавката и овластено лице на Договорниот орган.

Во текот на примопредавањето се утврдува квалитетот и квантитетот на извршените услуги.

Доколку во понатамошниот период на користење, Договорниот орган утврди неисправности и недостаток, потребно е веднаш, без одлагање за тоа да го извести Економскиот оператор.

Економскиот оператор се обврзува услугите да ги извршува совесно, стручно и квалитетно согласно пропишаните стандарди.

Договорниот орган, во случаите од ст. 3 на овој член има право на:

- повторна интервенција – извршување на услугата;
- надомест на штета;
- раскинување на договорот и надомест за претрпена штета.

## X.ВИША СИЛА

Член 11

Договорниот орган и Економскиот оператор согласни се ниту една договорна страна да не биде одговорна кон друга за губиток, повреда или неизвршување на одредбите од овој Договор кои се предизвикани од виша сила.

Под виша сила се подразбираат сите состојби што се утврдени како такви според одредбите на Закон за облигациони односи.

Договорните страни се обврзуваат писмено да ја известат другата договорна страна, во случај на стапување на виша сила во дејство и ќе договорат нови услови за исполнување или раскинување на договорот.

## XI.РЕШАВАЊЕ НА СПОРОВИ

Член 12

Сите евентуални спорови и недоразбирања кои би произлегле од овој Договор, договорните страни ќе ги решаваат во духот на добрите деловни обичаи со меѓусебно договарање.

Доколку тоа не даде резултат во рок од 10 (десет) дена, спорот ќе се решава пред надлежниот суд во Скопје.

## XII.РАСКИНУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

Член 13

Кога една од договорните страни не ќе ја исполни својата обврска, другата договорна страна може да бара исполнувањето на обврските или да го раскине договорот.

Договорната страна која поради неисполнување на договорните обврски го раскинува договорот должна е тоа да и го соопшти на другата договорна страна без одлагање по писмен пат.

## XIII.КОРУПЦИСКО ИЛИ ИЗМАМНИЧКО ОДНЕСУВАЊЕ

Член 14

Договорните страни се согласни да ги применуваат највисоките стандарди за етичко и законито однесување за време на реализација на овој договор.

**XIV.ПРИМЕНЛИВ ЗАКОН**

Член 15

За се што не е регулирано со овој договор ќе се применуваат непосредно одредбите од Законот за облигациони односи, Законот за јавни набавки и други соодветни законски и подзаконски акти и прописи на Р.Македонија.

**XV.ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

Член 16

Договорните страни можат да ги дополнат или изменат одредбите од овој договор само спогодбено.

Договорната страна која бара измена или дополна е должна своето барање до другата страна да го достави во писмена форма.

Одредбите од овој договор можат да се изменат или дополнат со склучување на Анекс-Договор само во согласност со одредбите на Законот за јавни набавки и тендерската документација.

Член 17

Овој договор е составен во 4 (четири) истоветни примероци од кои 2 (два) за Договорниот орган и 2 (два) за Економскиот оператор.

ДОГОВОРЕН ОРГАН:
ООУ ,,ЃОРЃИЈА ПУЛЕВСКИ,,
општина Аеродром– Скопје

Директор:
Марјан Јовановски

ЕКОНОМСКИОПЕРАТОР:
ДЕКОР-96 увоз-извоз
ДООЕЛ Чашка

Управител:
Миле Кимовски